# МОЖЕШ да ѝ веруваш на БИБЛИЈАТА



Тоа Библијата е најстара книга на светот, а била и најпопуларна долго време пред издавачите да почнат да ги следат листите на бестселери. Разни библиски здруженија секоја година продаваат или подаруваат повеќе од дваесет милиони Библии.

Откако стручњаците во текот на изминатите неколку илјади години внимателно го проучиле секој збор на Библијата и ја истражиле библиската археологија, историјата и древните јазици на кои е напишана, секој би рекол дека досега се усогласиле, кога станува збор за нејзиното потекло, значење и веродостојност.

Меѓутоа, се случува спротивното. Некои веруваат дека Бог го диктирал секој збор од Библијата. Некои, пак, велат дека тоа е само збирка од древни усни традиции. Едни сметаат дека библиските стории се веродостојни историски записи, а други дека се збир на митови и легенди.

Затоа, можеш ли да ѝ веруваш на Библијата? Три причини даваат потврден одговор:

## АРХЕОЛОГИЈАТА

Со текот на времето скептиците ја доведувале во прашање историската точност на речиси секој из-

вештај во Библијата. Меѓутоа, археолошките докази ги потврдувале тие извештаи еден по еден. Еве два примера.

## Валтасар од Даниеловата книга

Даниел известува дека Валтасар бил цар во Вавилон во време кога тој народ бил поразен од Персијците. До крајот на 1800., сите пронајдени пописи на вавилонските цареви известувале дека Набонид бил последниот вавилонски цар - што многу стручњаци ги навело на заклучок дека Валтасар бил нереална личност која Даниел ја измислил. Меѓутоа, древните документи недвосмислено покажале дека Валтасар го делел престолот со својот татко Набонид.

Еден научник ја дал следнава необична изјава: „Од сите невавилонски извештаи кои ја опишуваат ситуацијата пред крајот на Неовавилонското царство, петтата глава од книгата на пророкот Даниел точно се вклопува во извештаите на клинестите записи, бидејќи ги разгледува главните настани“.[1]

## Четирите Евангелија

Археолошките пронаоѓачи сè почесто ги потврдуваат историските извештаи на писателите кои дале

[1] Raymond P. Dougherty, Nabonid i Valtazar, 216.

хронолошки опис на Исусовиот живот. На пример, евангелистот Јован спомнува едно здание во Ерусалим кое се нарекува Витезда, каде што се наоѓал базен.[2] Археолошките ископувања откриле зграда која во целост одговара на описот на Јован.



Археолозите пронашле и остатоци за кои се верува дека се остатоци од раскошниот дом на Кајафа, првосвештеникот кој заседавал на Исусовото судење во име на Синедрионот.[3]

Пронајдено е и предворјето каде што Петар трипати се одрекол од Христа, а и палатата која според димензиите одговара на местото каде што се одржувало судењето.

Археологијата потврдува дека Библијата е историска книга, а не збир од митови.

[2] Јован 5:2

[3] Матеј 26:57, 58

# ПРОРОШТВАТА

Веродостојноста на Библијата ја потврдуваат и некои од нејзините пророштва, особено едно од нив. Древниот пророк Даниел ја претскажал точната година на почетокот на Исусовата служба. Според книгата на Даниел 9,25 „Од мигот кога ќе излезе словото, до Кнезот Помазаник ќе бидат седум седмици, и тогаш шеесет и две седмици". Тоа се вкупно шеесет и две седмици или 483 дена. Стручњаците главно се согласуваат дека Даниеловите недели (седмици) треба да се разберат како „недели (седмици) - години" – еден ден претставува една година - што значи вкупно 483 години.

Вавилонците го разориле Ерусалим и поголемиот дел од неговите жители ги одвеле како робови во Вавилон. Потоа три персиски цара издале декрети со кои на Евреите им одобриле да се вратат во своите домови. Декретот, кој по содржина најмногу одговара на описот од Даниеловото пророштво, бил издаден од страна на Артаксеркс 457 година пред нашата ера. Едноставната математика покажува дека Даниеловата 483 година завршува 27-та година од нашата ера, кога Исус бил помазан за служба при негово-



то крштевање. Во своето евангелие Лука ни дава прецизна хронологија на настаните, која покажува дека Исус бил крстен 27-та година од нашата ера. Значи Даниел ја претскажал точната година кога Исус ја започнал својата служба.

Ова е моќен доказ дека можеме да ѝ веруваме на Библијата. Таа е порака од Бога, а не само од човечки суштества.

## ЛИЧНО ИСКУСТВО

Сепак, колку и да е впечатливо она што археологијата и пророштвата го кажуваат за веродостојноста на Библијата, најважен доказ е промената која Библијата ја внесува во животот на многу луѓе. Библијата зборува за Бога кој нè сака, кој е „милостив и жалостив,... искажува милост на илјадници, проштава



беззаконија, грев и престап“.[4] Бог исто така ни помага да извојуваме победа над пороците и лошите навики кои, во спротивно, би ни го уништиле животот.

Павле рекол дека Евангелието - добрата вест за Исуса – е „Божја сила за спасение на секој кој верува“ за „праведноста, што Законот ја бара, да се исполни во нас, - кои не одиме по телото, туку по Духот. “.

И ова е навистина така! Насекаде во светот луѓето согледуваат дека, кога ќе му го предадат својот живот на Бога, Тој им дава сила да живеат живот секој ден сè поблизок до идеалот кој Библијата го има за нив.

Тоа е најмоќниот доказ дека МОЖЕШ ДА Ѝ ВЕРУВАШ НА БИБЛИЈАТА!

## КАКО ДА ЈА РАЗБЕРЕШ БИБЛИЈАТА?

- Читај ја со молитва.
- Споредувај стих со стих.
- Дозволи ѝ на Библијата да се толкува самата себе.
- Примени ја во својот живот.

[4] 2. Мојсеева 34,6.7




Порачајте на: (**071) 569 076,** (02) **20 30 777** или на:
*www.***znacinavremeto***.mk*